МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 7 став (4) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/10, 53/11 и 55/12), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МИНИМАЛНИТЕ УСЛОВИ ЗА КВАЛИТЕТ, СВОЈСТВА И КЛАСИРАЊЕ НА ЖИТАТА И ОРИЗОТ

## Член 1

Во Правилникот за минималните услови за квалитет, својства и класирање на житата и оризот („Службен весник на Република Македонија“ бр.104/11, 59/12 и 113/12) членот 6 се менува и гласи:

„Содржината на влага во лупените жита и лупениот ориз што се ставаат во промет не може да биде поголема од 14%, а во нелупениот ориз не може да биде поголема од 15%.“

## Член 2

Во член 10 став 4 точка 2) бројот „13“ се заменува со бројот „15“.

Во точката 3) зборовите: „од 63%“ се заменуваат со зборовите: „до 57%“.

## Член 3

Во член 11 ставот 1 се менува и гласи:

„Класирањето на пченицата наменета за производство на брашно се врши согласно следните услови:

| Класа | Хектолитар. Маса (минимум kg/hl) | Содржина на примеси: вкупни (максимум %) | Седимент. Вредност (во мл) (минимум) | Содржина на протеини на сува материја (минимум %) | Број на паѓање (минимум) |
|---|---|---|---|---|---|
| I | 78 | 2,0 | 45 | 13 | 250 |
| II | 76 | 4,0 | 35 | 11 | 250 |
| III | 72 | 6,0 | 30 | 10,5 | 250 |

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.08-13393/3

18 јануари 2013 година Министер,

Скопје Љупчо Димовски, с.р.